World Karate Federation

Кумите Прашања

Испитни Прашања за судии за Кумите

Верзија 1; Јануари 2023

January 2023

World Karate Federation

КУМИТЕ ИСПИТНИ ПРАШАЊА

“Точно и Неточно”

На хартијата ставете X во соодветното квадратче. Одговорот е точен само ако е точен во сите ситуации; во било кој случај се смета за неточен. За секое точно одговорено прашање се добива еден поен.

1. Доколку натпреварувачката површина е подигната, потребно е да се додаде дополнителен метар за вкупни 3 (три) метра на сите страни.

2. Можно е да се носи било каков вид на религиозна капа.

3. Горниот дел на кимоното мора да биде со должина од три-четвртини од должината на бутот.

4. Долниот дел на кимоното мора да покрива барем две-третини од потколеницата.

5. Ракавите од горниот дел на кимоното не смеат да бидат подолги од зглобот на дланката.

6. Ако ракавите на горниот дел од кимоното на натпреварувачот се предолги и во меѓувреме не може да се најде замена во предвиденото време – Главниот судија ќе му дозволи да ги заврати навнатре.

7. Натпреварувачите можат да носат 1 (еден) или 2 (два) дискретни ластици во нивната коса. Ленти и други декорации се забранети.

8. Обетки се дозволени само доколку се покриени со фластер.

9. Дентални протези можат да се носат на ризик на натпреварувачот, притоа да се одобрени од Главниот судија и Официјалниот доктор.

10. Натпреварувачите мораат да се поклонат соодветно меѓу себе на почетокот и на крајот од борбата.

11. Тренерот може да го смени редоследот на натпреварувачите во времетраење на мечот.

12. Доколку натпреварувач е повреден во индивидуален меч, тренерот може да вметне замена доколку за тоа ја извести Организациската Комисија.

13. Секој судија ќе биде опремен со црвено и сино знаменце или ектронски уред за сигнализација.

14. Доколку две екипи имаат ист број на победи и поени, ќе се одржи одлучувачка борба.

15. Меч Супервизорот (Канза) ќе биде сместен надвор од безбедносната зона и ќе биде опремен само со свирка.

16. Дисквалификација со Кикен значи дека натпреварувачите се дисквалификувани единствено од таа категорија.

17. Штикли повисоки од 4 cm не смеат да се носат со униформата.

18. Борбите во Сениори во машка конкуренција се со времетраење од 3 минути, а жени, кадети и јуниори се 2 минути.

19. Членовите на кумите тимот можат да носат било каков тип на Кимоно.

20. Можат да се користат различен вид на ленти/траки (на рамениците) за членовите на екипата.

21. Натпреварувачот нема потреба да го смени горниот дел на кимоното доколку врвките се скинат во текот на натпреварот.

22. Натпреварувачите можат да носат било какво бело кимоно.

23. Брза комбинација од Чудан Гери и Цуки од кои секоја поентира во својата поентирачка зона, ќе резултира со Ипон.

24. Во сениорски борби, лесен “допир со ракавица” во грлото не треба да резултира со предупредување или казна се додека нема повреда.

25. Удар во препоните нема да резултира со казна, сметајќи дека оној што го пласира ударот не го сторил тоа намерно.

26. Почнувајќи од 2023 година, за натпреварувачите под 14 е дозволена заштитната кацига, а од 1.1.2024 година ќе биде задолжителна.

27. Доколку сеншу е повлечено во помалку од 15 секунди до крајот на борбата, не може повеќе да се додели сеншу во тој меч.

28. Доколку натпреварувач на кој му било доделено Сеншу, добие предупредување од Категорија 2 за избегнување на борба кога има помалку од 15 секунди до крајот на борбата – на натпреварувачот автоматски ќе му биде одземена оваа предност.

29. Доброволната религиозна облека за глава мора да биде одобрена од WKF.

30. Супервизорот на СКФ или Организациската комисија можат да им дозволат на тренерите, наместо националната тренерка да носат било каква маичка.

31. Хансоку Чуи се дава кога потенцијалот за победа на натпреварувачот е сериозно намален од прекршокот на противникот.

32. Размена е периодот што претходи кога борбата е прекината, а времето е запрен.

33. Толеранцијата на тежина за мажи и жени е 0.5 kg.

34. Хансоку се доделува за сериозни прекршоци.

35. Шикаку се доделува единствено после предупредување.

36. Доколку натпреварувач се однесува злонамерно Шикаку а не Хансоку е вистинската казна.

37. Доколку натпреварувач се однесува злонамерно, Хансоку е вистинската казна.

38. На натпреварувач може да му се додели Шикаку доколку однесувањето на тренерот или друг член на делегацијата ги нарушува угледот и честа на Карате-До.

39. Истата тежинска толеранција е за горен и долен лимит на тежинската категорија.

40. За индивидуални натпревари, ќе се користи Раунд Робин системот на елиминации, потоа ќе следат четврт финалиња, па полуфиналиња и на крај финале.

41. Постојат пет критериуми за доделување на поен.

42. Машка екипа мора да презентира минимум пет члена во првата рунда.

43. Машка екипа се состои од 5-7 членови од кои 5 се натпреваруваат во рунда.

44. Женска екипа мора да презентира минимум две натпреварувачки во првата рунда.

45. Во раунд робин систем на елиминации, максимум 32 натпреварувачи од категорија се поделени на 8 групи од по 4 натпреварувачи.

46. Доколку тренерот продолжи да пречи и после првото предупредување, Главниот судија може да го запре мечот, да се доближи до тренерот и да го замоли да го напушти татамито.

47. Доколку АКА поентира во моментот кога АО излегува надвор од татамито, може да се додели и поен и предупредување.

48. Доколку натпреварувач е физички отстранет од татамито, ќе му биде доделено Цогаи.

49. На премиер лиги, оние кои губат од финалистите во четврт и полу финалето, се натпреваруваат за бронезен медал.

50. Во случаи на нерешено помеѓу двајца или повеќе натпреварувачи во група кои имаат ист број на поени, првиот критериум за разрешување е да се земе предвид највисокиот ранкинг наWKF на денот на натпревар.

51. Возможно е натпреварувач да биде дисквалификуван од борба (Хансоку) и да продолжи со натпревар.

52. Натпреварувач кој поентира и излегува од татамито пред Главниот судија да каже JAME нема да добие Цогаи.

53. Не е можно да се доделат казни после завршувањето на борбата.

54. Во јуниорска конкуренција, билоо која техника во лице, глава или врат која предизвикува повреда ќе резултира со предупредување или казна, доколку повредата не е по вина на повредениот натпреварувач.

55. Во кадетска и јуниорска конкуренција, Џодан удари со нога се дозволени да направат допир на кожа, под услов да нема повреда.

56. Во сениорска конкуренција, лесен контакт е дозволен за Џодан удари со рака, а поголема толеранција е дозволена за Џодан удари со рака.

57. Веќе квалификуван натпреварувач не може да биде дисквалификуван за недолиќно однесување на крајот на Раунд Робин системот за елиминација.

58. Доколку се применува различен формат од оној што е пропишан во Правилникот на било кој турнир, тоа треба да биде јасно наведено во Билтенот на натпреварот.

59. Лошото однесување на тренерот не резултира со Шикаку на неговиот натпреварувач и натпреварувачот нема да биде отстранет од мечот/натпреварот.

60. Кога линиските судии ќе забележат поен, веднаш ќе сигнализираат со џојстикот.

61. Рефери Панелот се состои од 1 Татами Менаџер и 3 Асистенти на Татами Менаџерот.

62. Рефери Панелот се состои од 1 Главен судија, 4 Линиски судии и 1 Меч Супервизор (Канза).

63. Ако натпреварувач е затечен без штитник за заби а борбата е веќе започната, натпреварувачот ќе биде дисквалификуван.

64. Главниот судија ќе ги дава сите команди и ќе ги извршува сите објавувања.

65. Времетраењето на борбата е: 1.5 минути за натпреварувачи до 14 години и помлади.

66. Доколку тројца судии сигнализираат поен за АКА, Главниот судија мора да го запре мечот иако верува дека не се во право.

67. Доколку двајца или повеќе судии сигнализираат поен за истиот натпреварувач, Главниот судија мора да го запре мечот.

68. Времето во борбата започнува кога Главниот Судија дава сигнал за почеток на борбата, а запира кога Главниот судија ќе каже JAME или времето е истечено..

69. Рефери Панелот во кумите меч се состои од Главен судија, 4 Линиски судии, Меч Супервизор (Канза) и Записничар на поени.

70. Кога натпреварувач ќе се лизне или падне, но со торзото не го допира татамито и веднаш се поентира врз него, на противникот ќе му биде доделен Ипон.

71. Тренерот или официјалниот претставник на натпреварувачот се единствени кои можат да вложат протест.

72. Доколку Главниот судија не го слушне сигналот за крај на борбата, Меч Супервизорот ќе свирне со свирката.

73. Натпреварувачите мора да се поклонат правилно меѓусебе пред почетокот на борбата.

74. Во индивидуални борби, натпреварувачот кој доброволно се повлекува од борбата добива КИКЕН, а на противникот му се доделуваат екстра 8 поени.

75. Свесност е состојбата на непрекината посветеност на техниката која трае и откако техниката е пласирана.

76. Иако организаторот на натпреварот изврши проверка пред постројувањетом сеуште е одговорност на Канзата да се осигура дека опремата на натпреварувачите е во согласност со правилата.

77. Натпреварувач кој е во татамито може да поентира на натпреварувач кој е надвор од татамито..

78. Атоши Бараку значи 15 секунди до крајот на борбата.

79. Атоши Бараку значи 10 секунди до крајот на борбата.

80. Допир на кожа во грло е дозволено само во сениорска конкуренција.

81. Доколку нема поени на крајот на борбата во екипна конкуренција, Главниот судија ќе повика Хантеи.

82. Прекумерен контакт по повторуван неуспех за блокирање се смета за Мубоби.

83. Натпреварувач може да биде казнет за преувеличување и кога има реална повреда.

84. Главниот судија ќе го прогласи победникот со зборовите АО/АКА НО КАЧИ, а ако е потребно и ќе го разреши Хантеи со својата одлука.

85. Кога резултатот е нерешен на крајот на борбата Рефери панелот (главниот судија и линиските судии) ќе го одредат победникот преку Хантеи.

86. Кога рефери панелот ќе донесе одлука која не е во согласност со правилата за натпревар, Меч супервизорот (Канза) веднаш ќе свирне со свирката.

87. Натпреварувач не треба да биде казнет доколку е “издишен” (изгубил здив како резултат на техника) или за реагирање на контакт, иако техниката на противникот е поентирачка.

88. Во екипни борби нема екстра меч.

89. Само првата точно извршена техника од комбинација на техники ќе поентира.

90. Натпреварувачи кои ќе се појават на татамите со неодобрена опрема или неправилно Кимоно, ќе добијат една минута да ја поправат својата опрема, а тренерот автоматски го губи правото да го води натпреварувачот за таа борба.

91. Натпреварувачи кои се "издишани" како резултат на удар, треба да добијат време да дојдат до здив пред да се продолжи борбата.

92. За Џодан се смета регијата над клучната коска и рамениците.

93. Ипон се доделува за Џодан техники со рака и нога против противникот на кого било кој дел од телото освен стапалата му во контакт со тататмите.

94. Хансоку Чуи се доделува за глумење на повреда.

95. Хансоку се доделува како прва инстанца за преувеличување на повреда.

96. Губење на здив после чудан удар индицира недостиг на контрола.

97. На натпреварувач може да му се додели Хансоку директно за преувеличување на ефектите на повредата.

98. Техника, дури и ефективна, испорачана после наредбата за крај на борбата нема да биде поентирачка, а може да резултира и со казна за напаѓачот.

99. Во кадетска кумите конкуренција Џодан удари со нога се дозволени да направат допир на кожа, под услов да нема повреда.

100. Пред почеток на борбата Татами Менаџерот ја прегледува медицинската картичка на натпреварувачот.

101. Доколку има грешка и погрешен натпреварувач се натпреварува, ова подоцна не може да се поправи.

102. Ефективна техника испорачана во исто време со сигналот за крај на борбата е валидна.

103. Доколку натпреварувач е повреден и тоа е по негова вина (мубоби), Главниот судија ќе одбие да даде предупредување или казна за противникот.

104. Канзата нема глас во одлуките по однос на тоа дали поенот е валиден или не.

105. Јуко се доделува за удари во грбот.

106. "Добир на кожа" е дозволен само во категории на натпреварувачи од 16 години и постари.

107. Натпреварувач кој не ги почитува наредбите на Главниот судија, ќе добие Шикаку.

108. Записничарот на поените ќе му нареди на главниот судија да го запре мечот доколку забележи кршење на правилата за натпревар.

109. Доколку во комбинација, првата техника е за Јуко а втората за предупредување/казна, двете можат да бидат доделени.

110. Допир на кожа се дефинира како допирање на целта без трансфер на енергија во главата или телото..

111. Не е возможно да се поентира додека се лежи на земја.

112. Натпреварувач кој не носи WKF одобрена опрема, ќе добие 2 минути да ја промени во прифатливиот тип.

113. Натпреварувач кој е повлечен од натпреварот преку Правилото 10 секунди, не може да се натпреварува повторно во Ката натпревар.

114. Повреден натпреварувач кој е прогласен за неспособен да се бори од Турнирскиот Доктор не смее да се бори повторно на тој натпревар.

115. Доколку натпреварувач се однесува лошо на татамите по завршувањето на борбата, Главниот судија сеуште може да му додели Шикаку.

116. Меч Супервизорот има глас во доделувањето на Шикаку.

117. Во машки екипни мечеви, доколку една екипа победи 3 борби, тогаш мечот се завршува во тој момент.

118. Во женски екипни мечеви, доколку една екипа победи 2 борби, тогаш мечот се завршува во тој момент.

119. Кога натпреварувач ќе го зграби противникот и не изведе чистење или техника веднаш, Главниот судија ќе повика Јаме.

120. Кога линиски судија не е сигурен дали техниката всушност ја достигнала поентирачката зона, може да сигнализира за поен.

121. Натпреварувач кој ќе изврши акт кој им штети на престижот и честа на Карате – До, ќе добие Хансоку.

122. Кога акција на натпреварувач се смета за опасна и намерно ги прекршува правилата по однос на забрането однесување, натпреварувачот веднаш ќе добие Шикаку.

123. Коректно изведени техники изработени после истекот на времето се валидни.

124. Коректно изведена техника изработена во исто време или по изрекувањето на ВАКАРЕТЕ е валидна.

125. Поен може да биде сигнализиран дури иако судијата не може да ја види вистинската точка на удар.

126. При хантеи, доколку три судии сигнализираат победа за АКА а четвртиот судија сигнализира победа за АО, Главниот судија мора да даде победа за АКА.

127. Пасивност не може да биде дадена на натпреварувач кој води со поени или сеншу.

128. Само тренерот кој е одреден за борбата може да го води натпреварувачот од местото предвидено за тренери близу до натпреварувачката зона

129. Доколку натпреварувач не се исправи на своите нозе во рок од 10 секунди, Главниот судија ќе прогласи КИКЕН и КАЧИ за противникот.

130. Доколку натпреварувач е фрлен и приземјен делумно надвор од татамите, Главниот судија веднаш ќе каже JAME.

131. Натпреварувачот не може да му сигнализира на Тренерот доколку сака да даде знак за тренерот да побара видео преглед.

132. Натпреварувачите треба да бидат прегледувани надвор од татамите.

133. Канзата мора да свирне со свирчето доколку судиите ги држат џојстиците во погрешни раце.

134. Штитници за заби се задолжителни за сите Кумите натпреварувачи.

135. По фрлање, главниот судија ќе дозволи максимум две секунди за да се поентира.

136. Доколку натпреварувач поентира со силен страничен удар со нога и го турне натпреварувачот надвор од татамите, Главниот судија треба да додели Ваза-Ари, а на противникот да му даде предупредување или казна за Џогаи.

137. Кога е вложен официјален протест, мечевите што следат мораат да бидат стопирани додека не се добие резултатот од протестот.

138. Секој од линиските судии ќе биде седнат во еден од ќошевите на татмите.

139. Кога главниот судија доделува поен за техника која предизвикала повреда, Меч супервизорот (канза) треба да сигнализира за да се запре мечот.

140. Кога главниот судија нема да го слушне сигналот за крај на борбата, записничарот на поените (Score supervisor) треба да свирне со свирчето.

141. Вакарете се користи за прекинување на клинч и може да биде дадено во секој момент од борбата.

142. Кога главниот судија сака да даде Шикаку, може да ги повика линиските судии за кратка консултација.

143. Кога натпреварувач е повреден за време на борба и му е потребен медицински третман, ќе му бидат дадени 3 минути, после кои главниот судија ќе одлучи дали натпреварувачот ќе се прогласи за неспособен да продолжи со натпреварот или ќе се додели дополнително време за преглед.

144. Натпреварувач кој излегува од татамите (џогаи) кога борбата е на помалку од 15 секунди до крајот, натпреварувачот ќе добие минимум ЧУИ.

145. За да се поправи поен кој е погрешно доделен, Главниот судија ќе се сврти кон натпреварувачот кон кого е доделен погрешниот поен, ќе гестикулира за Торимасен а потоа ќе го додели поенот на правилниот натпреварувач.

146. Доколку натпреварувач поентира со добро контролиран Чудан Гери, а потоа ненамерно го удри својот противник во лице предизвикувајќи мала повреда, Ваза-Ари и предупредување ќе бидат доделени.

147. Кога на повреден натпреварувач ќе му се даде медицински третман и Официјалниот доктор вели дека натпреварувачот не може да продолжи со борба, Главниот судија не може да ја превладее одлуката на Докторот.

148. Главниот судија може да ја запре борбата иако линиските судии не сигнализираат.

149. Откако е најавен Вакарете од страна на главниот судија, тренерите немаат можност да побараат видео преглед.

150. Избегнување на борба се однесува на ситуација каде што натпреварувачот се обидува да го спречи противникот од можноста да поентира, употребувајќи однесување за трошење на време.

151. Тсузукете, доколку не му претходи Вакарете не се користи на помалку од 15 секунди од крајот на борбата.

152. Во екипни мечеви, доколку двајца натпреварувачи се повредат меѓу себе и не можат да продолжат со натпревар а поените се еднакви Главниот судија ќе прогласи Хикиваке.

153. Кога има помалку од 15 секунди останати од крајот на борбата и натпреварувачот што губи очајно се обидува да изедначи и излегува од татамите (џогаи) ќе добие минимум Хансоку – Чуи.

154. Техниките што завршуваат под појасот не може да поентираат.

155. Техниките кои завршуваат на рамото/плешката можат да поентираат.

156. Доколку АКА ненамерно го удри АО со нога во колк и АО не може да ја продолжи борбата, тогаш АО ќе добие КИКЕН.

157. Доколку натпреварувач е очигледно без здив како резултат на неспремност, Главниот судија може да го запре мечот и да му даде време да се соземе.

158. Натпреварувач кој ќе воспостави чисто водство од 8 поени се прогласува за победник.

159. По завршување на времето, натпреварувачот кој има добиено највеќе поени ќе биде прогласен за победник.

160. Вообичаено коректна техника која ќе биде изведена во исто време со Вакарете, ќе биде казнета.

161. Има два степени на официјални предупредувања.

162. Чуи може да се додели до три пати за помали прекршоци.

163. Хансоку Чуи не може да се даде доколку претходно не се доделени трите Чуи.

164. Предупредување или казна за Мубоби се дава само кога натпреварувач е удрен или повреден по своја вина и небрежност.

165. Натпреварувач кој е удрен по негова вина и ги преувеличува ефектите на повредата, треба да добие предупредување или казна за Мубоби и преувеличување, но не и двете.

166. Доколку натпреварувач направи добар Чудан удар со нога, а противникот ја фати ногата, поен не може да биде доделен.

167. Натпреварувач работи Џодан удар со нога со сите шест критериуми и неговиот противник ја става раката за да го прекине ударот па случајно се удира лесно во лице; Главниот судија може да даде ИПОН затоа што се смета дека ударот не бил ефективно блокиран.

168. Машки тим може да се натпреварува само со двајца натпреварувачи.

169. Одобрени реклами за WKF се прикажани на левиот ракав од горниот дел на кимоното.

170. На националните федерации не им е дозволено да стават реклами на кимоната на натпреварувачите.

171. Натпреварувач во кумите кој ќе добие Кикен, не може повторно да се натпреварува на тој натпревар.

172. Екстра меч се користи само во екипна конкуренција.

173. Канзата треба да свирне со свирчето доколку главниот судија даде поен на еден натпреварувач и мубоби на другиот.

174. Сериозни прекршувања во правилата, дисциплината или злобно однесување резултира со Хансоку Чуи.

175. На интернационални натпреаври, Главниот судија не смее да има иста националност со ниту еден од натпреварувачите, иако еден од линиските судии може да биде со иста националност како еден од такмичарите доколку двајцата тренери се согласат.

176. Меч Супервизорот (канза) ќе се построи заедно со Главниот судија и линиските судии.

177. Тренерите ќе седат надвор од безбедносната страна, на своите страни со лицето свртени кон официјалната маса.

178. Канза нема потреба да реагира доколку главниот судија даде поен на едниот натпреварувач и преувеличување на другиот.

179. Во екипни мечеви, панелот ќе ротира за секоја бобра, под услов сите да ги имаат потребните лиценци.

180. Во екипни мечеви, Панелот ќе ротира за секоја борба само во борбите за медал.

181. Главниот судија може да се движи низ цело татами, вклучувајќи ги и безбедносните зони.

182. Жените натпреварувачки мораат да носат штитник за гради

183. Жените натпреварувачки не мораат да имаат штитник за гради доколку имаат штитник за тело.

184. Црвените и сините појаси мораат да бидат без персонални везови или обележја.

185. Кога има ситуација за дисквалификација, Главниот судија може да повика еден или повеќе линиски судии за консултација (ФУКУШИН ШУГО) пред да ја најави одлуката.

186. Натпреварувачите мораат да носат бели кимона без лични везови.

187. Лични везови на кимоната се дозволени само во борбите за медал.

188. Доколку одреден контакт главниот судија го смета за пресилен, но сепак не му ги намалува шансите на противникот за победа, судијата може да додели предупредување (ЧУИ).

189. Било која техника која резултира со повреда ќе резултира со предупредување или казна доколку истата не е по вина на повредениот натпреварувач.

190. Очигледно пренагласено реагирање на контакт ќе резултира со ЧУИ.

191. Линиските судии не смеат да иницираат поен или предупредување пред Главниот судија да ја запре борбата.

192. Очигледно преувеличување ќе резултира со Хансоку.

193. Било која инстанца на глумење на повреда, колку и да е минимална, ќе резултира со минимум предупредување ЧУИ.

194. Очигледно пренагласено глумење на повреда како паѓање на подот, станување па повторно паѓање итн, ќе резултира со директно Шикаку

195. Било какво глумење на повреда за техника што впрочем по одлуката на линиските судии е поен, ќе резултира со минимум Хансоку Чуи.

196. Доколку натпреварувач поентира со повеќе од една последователна техника пред Јаме, линиските судии мораат да го покажат повисокиот поен без разлика на редоследот на поентирачката техника.

197. Во екипни мечеви, доколку после екипниот меч нема поени или поените се еднакви без сеншу, победникот ќе биде одлучен преку Хантеи.

198. Цогаи се случува кога натпреварувачот излегува надвор од татамите и тоа не е предизвикано од противникот.

199. Минималното предупредување за бегање/избегнување борба/трошење време во Атоши Бараку е Хансоку Чуи.

200. Клучната точка на фрлањето мора да биде над колкот на оној кој фрла и мора да го придржува противникот со цел да се изврши безбедно приземјување.

201. Држење на противничкото кимоно е дозволено само за да се прекине пад.

202. Канза не треба да реагира доколку Главниот судија даде поен за техника пласирана по истекот на времето.

203. Јуко е еден поен.

204. Ваза-Ари се два поени.

205. Ипон се три поени.

206. Должност е на Меч Супервизорот да се осигура пред секој меч дека натпреварувачите носат одобрена опрема.

207. Должност е на Татами менаџерот да се осигура пред секоја борба дека натпреварувачите носат одобрена опрема.

208. Тренерите мораат да ја приложат својата акредитација заедно со онаа на својот натпреварувач на официјалната маса.

209. Ваза-ари се доделува за Чудан удари со нога.

210. Јуко се доделува за Тсуки и Учи удари пласирани во една од седумте поентирачки зони, на противник кој стои на своите нозе или на противник кој не стои на своите нозе но со торзото не го допира татамито.

211. Ипон се доделува за Џодан Гери и поентирачка техника која се пласира на противник кој бил фрлен, паднал или на било кој начин не е на своите нозе.

212. Индивидуалните борби можат да бидат прогласени за нерешени.

213. Пасивност може да биде дадена на било кој натпреварувач во било кое време.

214. Пасивност може да биде доделена во првите 15 секунди од борбата.

215. Симулирани напади со глава, колена или лакти се прекршоци.

216. Избегнување на борба во последните 15 секунди од борбата (ато шибараку) ќе резултира со минимум Хансоку Чуи и губење на Сеншу.

217. Главниот тренер на делегацијата може да протестира за одлука на судискиот панел.

218. Во кумите натпревари, два квадрати се превртени со црвената страна на растојание од еден метар од центарот за да се формира граница помеѓу натпреварувачите.

219. Врвките на горниот дел на кимоното мораат да бидат врзани.

220. На почетокот на борбата може да се користи горен дел на кимоно без врвки.

221. Во индивидуални натпревари, натпреварувач може да биде променет и по ждребањето.

222. Во борби за медал, мажите тренери мораат да носат темен костим, кошула и вратоврска.

223. Во борбите а медал, женските тренери можат да одберат да носат фустан, костум или комбинација од темно сако и сукња во темни бои.

224. Во борбите за медал, жените тренери не можат да носат религиозна облека за глава.

225. Натпревафрувач кој одбива да ги следи инструкциите на главниот судија и прикажува губење трпение, автоматски ќе добие Хансоку.

226. На натпреварувачите не им следува период за одмор еднаков на времетраење на борбата помеѓу мечевите.

227. Пасивност не може да се додели на помалку од 15 секунди од крајот на борбата.

228. Било какво пренагласено славење, како паѓање на колена, демонстрирање на политички или религиски гестикулации за време на мечот или по него се забранети и се предмет на парична казна еднаква на сумата која е еднаква на сумата за поднесување на официјален протест.

229. Доколку натпреварувач добие Кикен или Шикаку во Раунд робин систем на елиминации, на сите претходни борби им се поништуваат резултатите.

230. Грабнување/фаќање на раката или кимоното на противникот со една рака е дозволено само доколку вендаш се направи обид за чистење или поентирачка техника.

231. Грабнување/фаќање на противникот со две раце не е дозволено во ниеден момент во текот на борбата.

232. Должност на Татами менаџерот е да определи Супервизор на Видео Преглед.

233. Доколку бројот на Ипони и Ваза-Ари е еднаков, одлуката ќе биде донесена со Хантеи.

234. Во индивидуални борби, со еднаков резултат, кога нема Сеншу од ниеден натпреварувач, првиот критериум за одлука ќе биде врз основа на тоа кој има поголем број Ипони во таа борба.

235. Доколку еден од натпреварувачите добие поен од повеќе од еден линиски судија, а поените се различни за истиот натпреварувач, повисокиот поен ќе биде доделен.

236. Татами менаџерот мора да ја извести централната записничка маса кога на натпреварувачот му е забранет понатамошен натпревар врз основа на правилото за 10 секунди.

237. Мерачот на време е одговорен да го започне времето од 3 минути за натпреварувач кој е повреден во борбата и има потреба од медицински третман.

238. Главниот судија ќе каже Јаме кога натпреварувачот ќе го грабне противникот и нема веднаш да изведе техника или фрлање.

239. Главниот судија го иницира победникот со сигнализацијата со раката во следниот редослед (АКА/АО НО КАЧИ), а со оваа гестикулација разрешува и нерешено.

240. Кога натпреварувачот ќе го зграби противникот, Главниот судија ќе остави неколку секунди за натпреварувачот да изведе чистење или техника.

241. Тренерот или официјалниот претставник на НФ може да побара официјален протест до Татами менаџерот.

242. Главниот судија може да го запремечот и да даде поен и без мислењето на Линиските судии.

243. Доколку Главниот судија не го повика докторот во случај кога се применува правилото за 10 секунди, канзата мора да свирне со свирчето.

244. Победничкиот тим е оној со најголем број на победи, не сметајќи ги оние победени со Сеншу.

245. Црвените и сините појаси не смеат да бидат подолги од три-четвртини од должината на бутот.

246. Неуспехот на тренерот или претставникот на НФ да поднесат протест во разумно време може да води до одбивање на протестот.

247. Коректна казна за глумење на повреда кога судиите имаат одлучено дека техниката впрочем е поен, е Хансоку.

248. Информацијата за официјалните лица вклучени во протестот ќе биде пополнета од Татами Менаџерот.

249. Дисквалификација со Кикен значи дека натпреварувачите се дисквалификувани од таа категорија, иако тоа не влијае на учеството во други категории.

250. На натпреварувачите им следува период за одмор помеѓу мечевите, еднакво на стандардното времетраење на борбата. Исклучок кон ова правило е доколку треба да се променува боја на заштитнат опрема, каде што времето за одмор се продолжува на 5 минути.

251. Во било која борба, доколку по завршување на борбата поените се еднакви, но еден од натпреварувачите има предност на прв освоен поен (Сеншу), тој натпреварувач ќе биде прогласен за победник.

252. За предност на прв освоен поен (сеншу) се смета постигнување на прв освоен поен без притоа и противникот да поентира пред сигналот.

253. Кога двајцата натпреварувачи поентираат пред сигналот, не се доделува предноста на прв освоен поен (сеншу), со што можноста за доделување на истото останува како можност за понатамошната борба.

254. Доколку натпреварувач падне, е фрлен или нокаутиран и не се исправи на своите нозе веднаш, Главниот судија ќе го повика докторот и во исто време ќе почне да брои до десет иницирајќи го броењето со прст за секоја секунда.

255. На 15 секунди до крајот на борбата, ќе биде даден звучен сигнал од Мерачот на време (Timekeeper) по што главниот судија ќе најави Атоши Бараку.

256. Канзата мора да не реагира доколку Главниот судија додели предупредување или казна за пасивност во Атоши Бараку.

257. Во индивидуални категории борбата може да заврши нерешено.

258. За сите видови на натпревар, на тренерот ќе му биде доделена една картичка за видео преглед за натпреварувачот.

259. За Раунд Робин систем на елиминација, во групи од четворица, на тренерот ќе му биде дозволена една ВР картичка за секој учесник во Раунд Робин системот на елиминација.

260. Натпреварувачот може дискретно да му сигнализира на тренерот да побара Видео преглед.

261. Видео преглед може да биде побаран од тренерот во случаи кога според неговото мислење линиските судии дале помал поен од оној што тој смета дека е правилен. .

262. Супервизорот на Видео преглед, може да даде поен само доколку натпреварувачот поентира пред или во исто време со другиот натпреварувач.

263. Во секое барање за Видео преглед, ќе бидат разгледувани последните 6 секунди од борбата.

264. Доколку двајцата тренери имаат побарано Видео преглед во исто време, Супервизорот на Видео прегледот може да додели само еден поен и тоа на оној натпреварувач кој поентирал прв.

265. Симултани поентирачки техники можат да бидат поентирачки за двајцата натпреварувачи во Видео преглед.

266. Супервизорот на Видео Преглед, не може да ги поништи одлуките на линиските судии, со исклучок на Сеншу.

267. Татами менаџерот мора да следи дали Канзата ќе го запре мечот и ќе му даде инструкции на главниот судија доколку има прекршување на правилата за натпревар.

268. Главниот судија ги укажува грешките, ги дава предупредувањата и казните во согласност со правилата.

269. Главниот судија го разрешува нерешеното при Хантеи.

270. Секогаш е одговорност на канзата да се осигура дека опремата на натпреварувачите е во согласност со правилата пред почетокот на секоја борба.

271. Во случај кога Главниот судија не го слуша сигналот за крај на борбата, Канзата ќе свирне со свирчето.

272. Во систем на судење со двајца линиски судии, линиските судии ќе му асистираат на главниот судија со давање сигнали за џогаи, прекумерен контакт и допир на кожа за категории каде што ова е предвидено со правилата.

273. Во систем за судење со двајца линиски судии, Главниот судија останува автономен во применување на предупредувања и казни.

274. Во систем за судење со двајца линиски судии, доколку двајцата линиски судии и главниот судија даваат различни поени за истиот натпреварувач, ќе се додели најголемиот поен.

275. Во систем за судење со двајца линиски судии, доколку двајцата линиски судии или еден линиски судија и главниот судија покажуваат различни предупредувања за истиот натпреварувач, ќе се додели поништото предупредување.